Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 16/19 и 29/19) Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2024 година**

I. Во Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2023 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 19/23) се вршат следните измени:

Во **точка 2** Одржување на јавното осветлување, во Програмата Ј3 – Јавно осветлување износот 34.000.000,оо денари се заменува со износот „31.020.000,00“.

Во **точка 3** Изградба на јавно осветлување, во Програмата ЈА: Изградба на јавно осветлување износот од „15.443.000,оо денари“ се заменува со износот „12.354,400,оо денари“.

**II.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6726/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**421.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2024 година**

1.Во Програмата за активностите на Општина Струмица од областа на културата во 2023 година („Службен гласник на општина Струмица“ број 19/23) се вршат следните измени:

Во глава **5. Распоредување на буџетските средства** во програмата К1 се предвидуваат средства во висина од „150.000 денари“.

Во програмата **К2: Музичка и сценска – уметничка дејност** износот „100.000“ се заменува со „250.000“.

Во програмата **К3: Музичка и кинотечна дејност** износот „16.348.000“ се заменува со „18.178.575“.

Во програмата **К4: Културни манифестации и творештво** износот „4.000.000“ се заменува со „5.450.000“.

Во програмата **КА: Култура - капитални расходи** износот „1.000.000“ се заменува со „800.000“.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6727/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**422**.

Врз основа на член 101 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 157 од Законот за основното образование („Сл. весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („ Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 14, став 1 точка 8 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 8/18, 16/19 и

29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе

**Програма**
**за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на образованието во 2024 година**

1.Во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на образованието во 2024 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 19/23) се вршат следните измени:

Во глава 5 - Финасирање

Програма N1:Основно образование износот од „6.667.000,00 денари„ се заменува со износот „8.690.250 денари“.

Програма N2:Основно образование износот од „1.042.500,00 денари„ се заменува со износот „1.207.500 денари“.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица “.

Бр.08-6728/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**423**.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2024 година**

1.Во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на спорт и млади во 2024 година („Служнен гласник на општина Струмица“ бр. 19/23), се врши следната измена:

Во глава 5. Распоредување на буџетските средства

Л0: Програма за спорт и рекреација - износот од „20.065 000 денари“се заменува со износот 20.965.000 денари.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6729/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**424.**

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.05/02) и член 20 став 1 точка 11 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе:

**Правилник**
**за измена и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за добивање финансиска поддршка во износ од по 9000 денари во една наставна година за деца со надмината возраст**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот, условите и постапката за добивање финансиска поддршка во износ од по 9000 денари во една наставна година за деца со надмината возраст („Службен гласник на општина Струмица“ бр.10/2022 година), **членот 6 се менува и гласи:**

Средствата за исплата на финансиската поддршка за една тековна наставна година за 15 деца-ученици со надмината возраст се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“..

Бр.08-6730/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски
……………………………..

**425**.

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.05/02) и член 20 став 1 точка 11 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе:

**Правилник**
**за измена и дополнување на Правилникот**
**за доделување на стипендии за ученици од основните и средните училишта во Општина Струмица за една наставна година**

**Член 1**

Во Правилникот за доделување на стипендии за ученици од основните и средните училишта во Општина Струмица за една наставна година објавен во („Службен гласник на Општина Струмица", со бр.10/22 и 11/23), **членот 1 се менува и гласи:**

Со овој правилник се пропишуваат условите за доделување на стипендии, критериумите за доделување на стипендии, потребната документација, ранг листата и висината на стипендиите, начинот на формирање и работа на комисијата, разгледување, селекција и рангирање на пристигнатите документи на учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев" - Струмица за доделување на стипендии за една наставна година.

**Член 2**
**Членот 12 се менува и гласи:**

Комисијата врз основа на условите и критериумите од објавениот повик, врши разгледување, селекција и рангирање на пристигнатите документи од учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев" - Струмица.

**Член 3**
**Членот 2 се менува и гласи:**

„Општина Струмица ќе додели 23 стипендии на редовни ученици во средните општински училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев" -Струмица,

од кои:

-19 стипендии на редовни ученици во средните општински училишта и ДСУ РЦСОО „Никола Карев" -Струмица, кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна категорија од областа на природните, техничките и општествените науки, со физичко присуство;

-2 стипендии на редовни ученици во средните општински училишта и ДСУ РЦСОО „Никола Карев" -Струмица, кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс во поединечна категорија од областа на ликовната уметност;

-2 стипендии на редовни ученици во средните општински училишта и ДСУ РЦСОО „Никола Карев" -Струмица, кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна спортска дисциплина, со физичко присуство.

Учениците треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни ученици од I, II, III или IV година во средните општински училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев" -Струмица
2. Да се државјани на Република Северна Македонија
3. Во текот на претходната учебна година да имаат освоена I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна категорија, со физичко присуство, од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот или да имаат освоена I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс во поединечна категорија".

**Член 4**
**Членот 3 се менува и гласи:**

**„Општина Струмица ќе додели 28 стипендии на редовни ученици во основните општински училишта во општина Струмица, од кои:**

-19 стипендии на редовни ученици во **основните општински училишта** кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна категорија од областа на природните, техничките и општествените науки, со физичко присуство;

-2 стипендии на редовни ученици во **основните општински училишта** кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс во поединечна категорија од областа на ликовната уметност;

-2 стипендии на редовни ученици во **основните општински училишта** кои во текот на претходната учебна година освоиле I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна спортска дисциплина, со физичко присуство;

-5 стипендии на редовни ученици во основното општинско музичко училиште „Боро Џони“ -Струмица, кои во текот на претходната учебна година освоиле лауреат, апсолутна прва награда или специјална награда од меѓународен натпревар или прво место или I, II или III награда на државен натпревар, во поединечна категорија, со физичко присуство.

Учениците треба да ги исполнуваат следните услови:

1.Да се редовни ученици во основните општински училишта во општина Струмица

2.Да се редовни ученици во I година во средните училишта, кои во претходната учебна година, како ученици во IX одделение во ООМУ „Боро Џони“ Струмица освоиле награда или лауреат, согласно критериумите во Правилникот.

3.Да се државјани на Република Северна Македонија

4.Во текот на претходната учебна година да имаат освоена I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински натпревар во поединечна категорија, со физичко присуство, од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот или да имаат освоена I, II или III награда на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс во поединечна категорија од областа на ликовната уметност, а за учениците во општинското основно музичко училиште „Боро Џони“ -Струмица, во текот на претходната учебна година, во поединечна категорија, со физичко присуство, да имаат освоено лауреат, апсолутна прва награда или специјална награда од меѓународен натпревар или прво место или I, II или III награда на државен натпревар.

**Член 5**
**Членот 4 се менува и гласи:**

„Критериум за доделување на стипендиите се освоена поединечна награда или диплома на меѓународни, државни, регионални или општински натпревари, односно ликовни конкурси, во текот на претходната учебна година, со физичко присуство.

За освоена I (прва), II (втора) или III (трета) награда или диплома во поединечна категорија, со физичко присуство, на меѓународни натпревари за учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ - Струмица од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) се вреднува со 15 бодови

-I (прва) освоена награда на меѓународен натпревар се вреднува со 12 бодови

-II (втора) освоена награда на меѓународен натпревар се вреднува со 11 бодови

-III(трета) освоена награда на меѓународен натпревар се вреднува со 10 бодови

За освоени прва, втора или трета награда или диплома во поединечна категорија, со физичко присуство, на државен, регионален или општински натпревар за учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот, доделени од акредитирани здруженија на наставници за организирање на ученички натпревари за основно и средно образование од страна на Министерството за образование и наука, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-I (прва) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 9 бодови

-II (втора) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 8.5 бодови

-III (трета) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 8 бодови

-I (прва) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 7.5 бодови

-II (втора) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 7 бодови

-III (трета) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 6.5 бодови

-I (прва) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 6 бодови

-II (втора) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 5.5 бодови

-III (трета) освоена награда на општински натпревар со 5 бодови

За освоени прва, втора или трета награда или диплома во поединечна категорија, со физичко присуство, на државен, регионален или општински натпревар за учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, од областа на природните, техничките и општествените науки и спортот, доделени од други здруженија, институции и организации, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-I (прва) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 4.5 бодови

-II (втора) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 4 бодови

-III (трета) освоена награда на државен натпревар се вреднува со 3.5 бодови

-I (прва) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 3 бодови

-II (втора) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 2.5 бодови

-III (трета) освоена награда на регионален натпревар се вреднува со 2 бодови

-I (прва) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 1.5 бодови

-II (втора) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 1 бодови

-III (трета) освоена награда на општински натпревар се вреднува со 0.5 бодови

За освоени прва, втора или трета награда или диплома во поединечна категорија, за учениците од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица на меѓународен, државен, регионален или општински ликовен конкурс од областа на ликовната уметност, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-I (прва) освоена награда на меѓународен ликовен конкурс се вреднува со 8 бодови

-II (втора) освоена награда на меѓународен ликовен конкурс се вреднува со 7.5 бодови

-III (трета) освоена награда на меѓународен ликовен конкурс се вреднува со 7 бодови

- I (прва) освоена награда на државен ликовен конкурс се вреднува со 6.5 бодови

-II (втора) освоена награда на државен ликовен конкурс се вреднува со 6 бодови

-III (трета) освоена награда на државен ликовен конкурс се вреднува со 5.5 бодови

-I (прва) освоена награда на регионален ликовен конкурс се вреднува со 5 бодови

-II (втора) освоена награда на регионален ликовен конкурс се вреднува со 4.5 бодови

-III (трета) освоена награда на регионален ликовен конкурс се вреднува со 4 бодови

-I (прва) освоена награда на општински ликовен конкурс се вреднува со 3.5 бодови

-II (втора) освоена награда на општински ликовен конкурс се вреднува со 3 бодови

-III (трета) освоена награда на општински ликовен конкурс се вреднува со 2.5 бодови

За освоени награди на меѓународен натпревар, во поединечна категорија, со физичко присуство, за учениците од основното општинско музичко училиште „Боро Џони“ -Струмица, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:

-освоен лауреат на меѓународен натпревар (на цел натпревар) се вреднува со 10 бодови;

-освоен лауреат (на категорија) на меѓународен натпревар се вреднува со 8 бодови;

-освоена специјална награда или освоени 100/100 (сто од можни сто) бодови во категорија, на меѓународен натпревар се вреднува со 8 бодови;

-освоена апсолутна прва награда на меѓународен натпревар се вреднува со 7 бодови;

-освоена прва награда или лауреат прв степен на меѓународен натпревар се вреднува со 5 бодови;
-освоена втора награда или лауреат втор степен на меѓународен натпревар се вреднува со 3 бодови;
-освоена трета награда или лауреат трет степен на меѓународен натпревар се вреднува со 1 бод.

За освоени награди на државен натпревар, доделени од акредитирани здруженија на наставници за организирање на ученички натпревари за основно образование од страна на Министерството за образование и наука, во поединечна категорија, со физичко присуство, за учениците од основното општинско музичко училиште „Боро Џони“ -Струмица, максималните бодови се утврдуваат на следниот начин:
-освоено прво место на државен натпревар се вреднува со 8 бодови;
-освоена прва награда на државен натпревар се вреднува со 6 бодови;
-освоена втора награда на државен натпревар се вреднува со 4 бодови;
-освоена трета награда на државен натпревар се вреднува со 2 бодови;

Доколку ученикот има освоено награди/дипломи на повеќе натпревари од ист наставен предмет, во предвид ќе се земаат сите освоени награди на сите натпревари (општински, регионален, државен и меѓународен натпревар).

Доколку има повеќе кандидати со ист број на бодови, предност ќе имаат кандидатите кои имаат освоена награда на повисоко ниво.

Доколку и после спроведената селекција на кандидатите, се уште има кандидати со ист број на бодови, предност ќе имаат кандидатите запишани во повисока година/повисоко одделение од своето образование.

Комисијата може да утврди и дополнителни критериуми, доколку има повеќе кандидати со ист број на бодови.

Секој заинтересиран ученик може да се пријави на јавниот повик само за еден наставен предмет од областа на: природни науки, технички науки, општествени науки, спорт, ликовна уметност или музичка уметност.

**Член 6**

**Членот 7 се менува и гласи:**

По извршено рангирање на кандидатите, од страна на комисијата се изработува ранг листа на кандидати од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ - Струмица.

Сите добитници на стипендии по објавувањето на ранг листата, ќе потпишат договор за стипендија со Општина Струмица.

**Член 7**

**Членот 8 се менува и гласи:**

Висината на стипендијата за учениците во средното образование изнесува 2.500,00 денари месечно и ќе се исплаќа на девет еднкави рати, на трансакциска сметка на родителот/старателот, започнувајќи од почетокот до крајот на наставната година.

Висината на стипендијата за учениците во основното образование изнесува 2.000,00 денари месечно и ќе се исплаќа на девет еднкави рати, на трансакциска сметка на родителот/старателот, започнувајќи од почетокот до крајот на наставната година.

Средствата за исплата на стипендии за една наставна година за 51 ученик ќе се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица.

**Член 8**

**Членот 9 се менува и гласи:**

„Комисијата за доделување на стипендии за ученици од основните и средните училишта во општина Струмица и ДСУ РЦСОО „Никола Карев“ -Струмица, ја формира Градоначалникот на Општина Струмица и брои 5 членови и 5 заменици членови. Комисијата се формира пред објавувањето на јавниот повик.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Струмица и во средствата за јавно информирање во општина Струмица, на почетокот на наставната година, за која се доделуваат стипендиите“.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-6731/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**426**.

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.05/02) и член 20 став 1 точка 11 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе:

**П р а в и л н и к**
**за начинот, условите и постапката за добивање на финансиска поддршка во една наставна година за редовните ученици со попреченост, со наод и мислење,**
**во училиштата во Општина Струмица**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот, условите и постапката за добивање на финансиска поддршка во една наставна година за редовните ученици со попреченост, кои имаат наод и мислење, запишани во општинските основни и средни училишта во општина Струмица и во ДСУ-РЦСОО “Никола Карев” -Струмица.

**Член 2**

Финансиска поддршка во износ од 1.500 денари месечно, во времетраење од 9 месеци, може да добие ученик кој ги исполнува следните основни критериуми:

- Да биде редовен ученик со попреченост од I-IX одделение и од I-IV година, запишан во општинските основни и средни училишта во општина Струмица и во ДСУ-РЦСОО “Никола Карев” -Струмица;
- Да поседува документација за вид и степен на попреченост (Наод и мислење за функционална процена и/или Наод од стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје или потврда дека е во процес на функционална процена, како и мислење од стручната служба од училиштето каде е запишан ученикот);
- Редовно да ја посетува наставата;
- Да има успешен премин во следната учебна година (свидетелство за претходната учебна година за учениците од II-IX одделение и од I-IV година);
- На родителот/старателот кој аплицира во име на ученикот за финансиска поддршка да не му е одземено родителското право, односно старателството.

**Член 3**

За деца и млади со попреченост се сметаат децата и младите кои се со:

-оштетен вид (слабовидни и слепи)
-оштетен слух (наглуви и глуви)
-пречки во гласот, говорот и јазикот
-пречки во телесниот развој
-интелектуална попреченост (лесна, умерена, тешка и длабока)
-аутистичен спектар на нарушувања и лица со други первазивно развојни растројства
- со повеќе видови попреченост (лица со комбинирани пречки во развојот)

**Член 4**

За добивање на финансиската поддршка од 1.500 денари, во времетраење од 9 месеци, потребно е да се достават следните документи:

-барање за финансиска поддршка;
-потврда од училиштето дека детето-ученикот е запишан како редовен ученик во училиштето;
-документација за видот и степенот на попреченост (Наод и мислење за функционална процена и/или Наод од стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје или потврда дека е во процес на функционална процена, како и мислење од стручната служба од училиштето каде е запишан ученикот);
-фотокопија од извод од матична книга на родените за ученикот;
-фотокопија од лична карта на еден од родителите/старателите;
-фотокопија од свидетелство за завршено одделение/година во претходната учебна година.
-изјава за давање на согласност за користење на лични податоци, потпишана од родител/старател на ученикот;
-изјава за веродостојност на податоците, потпишана од родител/старател на ученикот.

Документите за секоја тековна наставна година се доставуваат до Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Струмица.

Комисијата го задржува правото да воведе и други разумни дополнителни критериуми за селекција на учениците во случај на доставување на поголем број на барања кои ги исполнуваат горенаведените основни или дополнителни критериуми.

На барање на Комисијата, веродостојноста на податоците кои ќе бидат наведени во барањето, ќе треба да се поткрепи со дополнителни документи.

**Член 5**

Финансиската поддршка се исплаќа во 9 еднакви рати, на трансакциска сметка на родителот-старателот, односно по 1.500 денари во времетраење од девет месеци, започнувајќи од почетокот до крајот на наставната година.

Финансиската поддршка се прекинува доколку ученикот неоправдано не го посетува училиштето најмалку 10 дена едноподруго, или неоправдано отсуствува од редовната настава повремено во текот на еден месец повеќе од 10 дена.

Училиштето е должно да достави известување до Комисијата за доделување на финансиска поддршка за ученици со попреченост, доколку ученикот неоправдано не го посетува училиштето најмалку 10 дена едноподруго, или неоправдано отсуствува од редовната настава повремено во текот на еден месец повеќе од 10 дена.

Училиштето е должно навремено, секој месец, да доставува писмено известување за редовноста на учениците кои добиваат финансиска поддршка. Право на повторно аплицирање за добивање на финансиска поддршка за ученик со попреченост за следната наставна година, имаат родителите/старателите на ученикот со попреченост кој редовно ја следел наставата претходната учебна година и успешно преминал во следната учебна година, за што корисниците ќе треба да достават свидетелство за завршено одделение/година.

**Член 6**

Средствата за исплата на финансиската поддршка за една тековна наставна година за ученици со попреченост, со наод и мислење, се обезбедуваат од Буџетот на општина Струмица и ќе се исплаќаат на родителот/старателот на ученикот со попреченост.

Средствата за добивање на финансиска поддршка ќе се планираат врз основа на претходно добиени податоци од стручните служби на училиштата.

Финансиска поддршка на ученици со попреченост, со наод и мислење, ќе се додели на родителите/старателите кои ќе достават барање и кои ги исполнуваат условите, се до искористување на предвидените финансиски средства од Буџетот на општина Струмица.

Предност за добивање на финансиска поддршка ќе имаат децата со попреченост кои се:

-деца на самохрани родители;

-деца со еден или двајца невработени родители;

-деца од семејства со приходи на ниво на минимална плата;

-деца кои доаѓаат од многудетни семејства;

-деца каде во потесното семејство има и друг член со попреченост.

**Член 7**

Финансиската поддршка се доделува по пат на јавен повик, кој се објавува на веб страницата на општина Струмица.

**Член 8**

Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавувањето. Барањата доставени по истекот на рокот наведен во јавниот повик нема да бидат земени во предвид.

**Член 9**

Барањата со потребните документи, се доставуваат на адреса: општина Струмица, ул. „Сандо Масев“ бр. 1, 2400 Струмица, лично во архивата на Општина Струмица, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот или по пошта, во затворен плик, со назнака НЕ ОТВАРАЈ, до Комисија за доделување на финансиска поддршка за ученици со попреченост.

**Член 10**

По завршувањето на јавниот повик, родителите-старателите кои доставиле барање согласно критериумите и условите од јавниот повик и овој правилник, ќе бидат известени најдоцна во рок од 30 дена од денот на завршувањето на јавниот повик.

**Член 11**

За примената на одредбите од овој Правилник се грижи Комисијата за доделување на финансиска поддршка за ученици со попреченост.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден по објавувањето во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6732/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**427**.

Врз основа на член 89-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на СОУ „Јане Сандански” Струмица во учебната 2023/2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за работа на СОУ „Јане Сандански” Струмица во учебната 2023/2024 година број 01-363/1 од 30.08.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6733/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**428**.

Врз основа на член 89-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната програма за работа на**
**СОУ „Јане Сандански” Струмица во учебната 2024/2025 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на СОУ „Јане Сандански” Струмица во учебната 2024/2025 година број 01-363/1 од 30.08.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6734/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**429**.

Врз основа на член 89-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на**
**СОУУД „Димитар Влахов” Струмица во учебната 2023/2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за работа на СОУУД „Димитар Влахов” Струмица во учебната 2023/2024 година број 01-747/2 од 29.08.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6735/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**430**.

Врз основа на член 89-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05,

113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 18.09.2024 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната програма за работа на СОУУД „Димитар Влахов” Струмица во учебната 2023/2024 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на СОУУД „Димитар Влахов” Струмица во учебната 2023/2024 година број 01-747/1 од 29.08.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-6736/1 Совет на општина Струмица
19.09.2024 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..